Наставниот кадар во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар следењето го прави врз основа на своите индивидуални планирања. Во училиштето е донесен Правилник за пофалби и наградување ученици, согласно кој се избира ученик на генерација, се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои придонеле за афирмација на училиштето.

За мотивација на учениците се врши промовирање на постигнувањата и активностите во училиштето во јавност, на Facebook- страната на училиштето, веб-страница на училиштето, веб-страница на општината.

Училиштето води грижа и за професиналната ориентација на учениците, потоа за нивниот правилен психофизички развој и благосостојба, заштита од насилство и дискриминација, како и антикорупциска едукација. Голема поддршка на учениците од најмала возраст дава и Детската организација која со својата работа има за цел да се грижи за создавање услови за сигурно и весело и безбедно детство на учениците за време на престојот во училиште и надвор од него.Успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија и наставен јазик е прикажан во табелите од статистичкиот преглед.

# 12. Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случајна елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош.

Согласно Законот за заштита и здравје при работа направени се проценки за безбедноста на работните места на вработените воучилиштето односно ризикот како и безбедносните мерки за елеминирање на штетите и опасните последици. За таа потреба и целвработените имаат уверение и посетуваа соодветна обука.

За поголема безбедност, училиштето е обезбедено со видео надзор.

# 13. Грижа за здравје на учениците и вработените

Училиштето води грижа за здравјето на своите ученици. Цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води на три нивоа:

- физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално-преносливи болести, безбедност ипрва помош, физичка активност;
- ментално здравје кое го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата,
- социјално здравје кое ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

## 13.1 Хигиената во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал и вработените во училиштето. Преку редовни училишни еко- акции, предавања, работилници и сл., се поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши редовно и вонредно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

Ходниците, тоалетите, училниците, се чистат, дезинфицираат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена.

### 13.2 Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, спроведување на редовните систематски лекарски прегледи, согласно со закон.

## 14. Училишна клима

Сите субјекти во воспитно-образовниот процес и другите вработени континуирано се заложуваат за позитивна училишна клима.Климата во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (вработените, учениците и родителите), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

### 14.1 Дисциплина

Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор). Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. За надминување на проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик- стручен соработник, а по потреба и советување со родители од страна на стручните соработници, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. На секој квартал од учебната година се изрекуваат и се евидентираат по потреба на учениците. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници, како и дежурните ученици водат евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор.

### 14.2 Етички кодекси

Во рамките на своето работење, училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на наставниците, учениците,вработените во училиштето и родителите, кои се составен дел на училишната документација и пракса.

Училиштето има изготвено и Еко-кодекс, кој содржи еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и пошироката локална средина, ја дефинира целата мисија на училиштето и го претставува правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот е изработен од учениците, наставниците и родителите и е видно изложен.

### 14.3 Односи меѓу сите структури

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби. Оваа учебна година посебно се водеше сметка за ова подрачје соглсно протоколите од пандемијата.

Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), вработени и учениците посебно кој редовно се ревидира пред секоја учебна година. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот одбор кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува.

Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во училишниот одбор. За подобрување на комуникацијата помеѓу критичните точки исто така се организираат состаноци, работилници и дебати.

## 15. Професионален развој на воспитно образовниот кадар

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување кое го врши БРО, МОН и други институции.

### 15.1 Детектирање на потребите и приоритетите

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионаленразвој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, како и од извештаите од работата на училиштето и наставниците. Самоевалуацијата од оваа учебна година на училиштето покажа дека наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат.

Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор и претседатели на активи.

## 15.2 Активности за професионален развој

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Во рамки на континуираното стручно усовршување, наставниците се обврзани да посветат најмалку 60 часа на обуки во текот на три учебни години, со најмалку 40 часови учество на акредитирани програми за обука.

По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници, дисеминации на новини и др. Во училиштето се изработува годишен план за професионален развој на наставниците, задолжително се реализира дисеминација и се изработува извештај проследен со евалуација, од каде ќе произлегуваат и наредните потреби за професионален развој.

Во оваа учебна година наставниците и стручниот соработник посетија многу малку семинари и обуки во рамките на нивниот професионален развој и стручното усовршување и тоа:

- Во месец октомври, 2023 год. наставникот Игор Величковски посети еднодневна обука натема ,,Планирање и реализација на наставата според новата концепција за основно образование ,, во организација на БРО
- Во месец декември наставникот Гоце Стојановски посети обука на тема ,,Настава насочена кон постигнување на резултати од учење од повисоко ниво,, во организација на Педагошкиот универзитет ,,Кирил и Методиј,, Скопје и Здружение на информатичарите на Македонија, Скопје
- Наставничката Милена Г Андоновска, во ноември месец посети обука тема ,,Справување со врсничко насилство и кибер насилство,, во организација на БРО, и ООУ ,,Кирил и Методиј ,, с. Стајковци - Скопје
- Во месец јуни наставниците Ивана Андоновска,Мирјана Кузмановска,Боби Серафимовски посетија обука на тема Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата .
- Во јуни месец наставникот Марко Митковски посети обука на тема ,,Дизајнирање објективни тестови во орг на БРО
- Во јуни месец наставникот Рами Мустафа посети обука на тема ,,Мултикутурализам во еднојазични и повеке јазични училиста

## 15.3 Личен професионален развој

Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува нејзино подобрување преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки со физичко присуство и онлајн, дисеминации, вебинари, конференции, пишани рубрики, статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ, се врши и интерно следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. За сопственото стручно усовршување, наставниците изготвија личен план за професионален развој за оваа учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од БРО, Центарот и ДПИ.

Директорот на училиштето го одобри планот на почетокот на учебната година, на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален

развој го сочинуваа координаторите на стручните активи на наставници во училиштето и директорот на училиштето. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на БРО и Центарот. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие

### 15.4 Хоризонтално учење

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваат со другите наставници на одделенските активи. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка. Врз основа на програмата за професионален развој, училиштето подготви акциски планови во кои ќе бидат наведени активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење, како и очекуваните резултати и исходи.

### 15.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, а ја прави училиштето. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, професионалните стандарди за наставник - ментор, професионалните стандарди за наставник- приправник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и ја базира врз информации добиени од: родители, ученици, наставници и училишна документација.

## 16.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 16.1 Вклученост на родителите старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во училиштето во текот на оваа година се одвиваше на повеќе начини. Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку индивидуални средби, разговори и родителски средби. За таа цел, беа изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување насоработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваа во изведување разни активности, при што се земаа во предвид нивните предлози, мислењата и сугестии. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери, согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Се организираа отворени денови

за средби со родители, како и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваа на огласна табла поставена вохолот на двете училишни згради и на влезните врати, како и на веб страната на училиштето.

# 17. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

## 17.1 Локална заедница

Во рамките на подрачјето соработка со локалната средина беа реализирани активности за соработка со воспитно – образовни установи, институции од областа на културата, претпријатија и други органи и организации: информирање на пошироката јавност за резултатите што ги постигнува училиштето во разновидни форми и активности кои ги организираат одделни асоцијации и субјекти од локалната средина и пошироко.Соработка со Фондација за култура и спорт при општина Куманово,Дом на култура ,,Трајко Прокопиев,- Куманово,ЗГ Друштво на писатели – Куманово, соработка со невладината организација ,,Europe house ,, - Крива Паланка, преку учество во проект ,,Музика за секое дете ,,. Соработка со детцка градинка ,,Ангел Шајче,,- Куманово,ИПА Регион – Куманово,

Директорот на училиштето потпиша меморандум за соработка со повеќе претпријатија со кои училиштето соработува и тоа музичка продавница ,,ДО,РЕ,МИ,Софт Мак компјутери,книжара ,,Ханибал,, исто така оваа година училиштето имаше соработка со ООН Црвен Крст Куманово со кое исто така оваа година потпиша меморандум за соработка и оствари неколку активности во училиштето..

Училиштето потпиша меморандум за соработка и со гимназијата „Гоце Делчев“ - Куманово за заедничко организирање на разни музички настани.

## 17.2 Медиуми

Промоцијата на училиштето оваа учебна година се вршеше преку соработката со најразлични печатени и електронски медиуми.. Поважните активности од наставната и воннаставната работа се објавија на веб страната на училиштето. Исто така, јавноста континуирано беше информирана за училишните случувања преку FB-профилот на училиштето, училишната веб-страница (https://www.uomopancepesev.edu.mk).

Успешна промоција на работата на наставниците беше направена на телевизија ТВ Плус во месец октомври.

# 18. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА:

- Директор
- Училишен одбор
- Совет на родители
- Наставнички совет
- Стручни активи

## 18.1 Годишен извештај за работа на директор во учебната 2023/2024

Работата на директорот е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитно – образовниот процес во училиштето и образованието.

Директорот ги врши следниве работи:

- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење,
- ја организира, планира и ја води работата на основното училиште,
- ја следи и унапредува воспитно - образовната работа во училиштето,
- подготвува Развојна програма на училиштето,
- подготвува предлог на годишна програма за работа и извештај на училиштето,
- е одговорен за реализација на годишната програма за работа,
- е одговорен за остварување на правата и обврските на учениците,
- е надлежен за пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено врз ученик, до надлежните институции утврдени со закон,
- врши избор на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар согласно закон и актите на училиштето,
- врши распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар,
- одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно закон и колективен договор,
- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на наставниците и стручните соработници,
- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на наставниците и стручните соработници,
- организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници-приправници, воспитувачи-приправници, присуствува на часови во наставата согласно планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот и ја следи работата нанаставниците, стручните соработници и воспитувачи и ги советува,
- се грижи за соработката со родителите односно старателите,
- ги известува родителите односно старателите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците,
- одлучува за воспитните мерки,

- ја организира и следи работата на училишниот инклузивен тим и други тимови во училиштето,
- ја следи работата на стручните органи во училиштето,
- ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците,
- обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор,
- ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето,
- одлучува за склучување договори за работните односи,
- го формира училишниот инклузивен тим,
- покренува постапка за дисциплинската одговорност на вработените во училиштето,
- се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината и
- врши други работи согласно закон и статутот на училиштето.

Директорот, како педагошки раководител во училиштето, во функција на таа примарна компонента, предметот и содржината насвојата работа глобално ја структуираше во две основни групи на работа и тоа:

- Административно-организаторска
- Педагошко инструктивна

Во рамките на првото подрачје директорот се јавува како организатор и иницијатор на целокупната работа во училиштето. Како орган на раководење ги спроведува насоките и одлуките што ги донесуваат органот на управување и стручните органи (Училишен одбор, Наставнички и одделенски совет, одделенски раководители, стручни активи).

Административната работа подразбира финансиска, материјална, нормативна (проучување закони и прописи), извршување увид, давање помош и вреднување и корекција.

Во однос на административно–правната работа директорот во соработка со органот на управување учествува во изготвување на нацрт документи.

Го следи водењето на педагошка документација, документацијата за планирање на воспитно-образовната работа, документацијата за следење на воспитно-образовната работа, документација за истражувања и испитувања извршени во училиштето. Изготвува документација за извршени посети на часови во услови на пандемија.

***Следењето на организацијата и реализацијата на наставно - образовната работа и друга стручно педагошка работа во училиштето се реализираше преку:*** увид во годишните и тематските планирања и програмирања на наставата и воспитно образовната работа; преглед на одделенските дневници и матични книги со осврт на истите; увид, следење, насочување и водење евиденција за изработка на дневните планирања; увид,контрола и следење на остварување на стручните оперативно-организациски, материјално-техничките и дидактичко-методските подготовки за реализација на наставната и воннаставната активност, посета на часови, посета на часот на одделенскиот раководител со цел да се види реализацијата на воспитната компонента во наставата, посета на часови за додатна и дополнителна настава, остварување на задолжителни разговори, консултации советување и давање помош на наставниците за подобрување на состојбите, насочување и следење на активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на училиштето. Наставните планови и програми се реализираат во целост и се во согласност со донесените програмски документи од МОН, затоа што реализацијата на наставните планови програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и концепциите за основно образование.

Наставниците редовно ги информираат родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите/стандардите на наставниот план и програми. Со сите ученици со посебни образовни потреби се работи според ИОП и за нив постои инклузивен тим на ученикот. Училиштето нуди можност за избор од повеќе изборни предмети. Се реализираат слободни ученички активности според интересите и желбите на учениците од разни области. Училиштето се вклучува во активности на локалната самоуправа. Се организираат вonнаставни активности со учество на голем број ученици

***Работа со наставници - педагошки увид во наставата се остварува*** преку непосредна стручна методско - дидактичка помош во реализацијата, непосредна стручна помош на наставник почетник (реализација на обуки), следење и вреднување на работата, следање на реализацијата на планот за унапредување на училишното оценување. Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди.

***Работа со стручни органи и тимови во училиштето се реализираше преку*** запознавање со соодветните законски акти за дејноста; Формирање училишен инклузивен тим, за период од три години кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште.

Формирање инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма

Формирање тим за училишна интеграција за период од три години, составен од седум члена **и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител** од редот на стручните соработници и наставници; Помош во планирање и реализација на задачите на Одделенските совети; Помош, учество, давање насоки за работа на стручните активи; Помош, следење на реализација на часот на одделенскиот раководител; Запознавање со соодветните законски акти за дејноста; Редовно следење на литература за организацијата на работа на стручните органи во училиштето; Поттикнување стручни и целосни расправи по сите прашања кои се на дневен ред на состаноците; Подготвување и водење на седниците на Наставнички совет и настојување да се реализираат донесените заклучоци; Поднесување извештаи пред Наставнички совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на ВОР во училиштето.

***Работата со учениците и ученичките организации се остваруваше преку индивидуален контакт;*** Свикување на првиот состанок на ученичкиот парламент; Помош во конструирање и работа на ученичките организации; Помош во работата на новодојдените ученици и надарени ученици; Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување; Работа со ученици кои покажуваат слаби резултати; Насочување и давање помош во организирање на културно забавниот и спортскиот живот на учениците; Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето; Поттикнување на соработка со локалната средина (со организациите од општината) преку ученички иницијативи.

***Аналитичко-студиска работа и осовременување на воспитно - образовната работа подразбира*** изработка на анализи, извештаи на постигнатите резултати во работата на училиштето; изготвување информации: за работа на ученичките организации

за одржување натпревари на учениците за соработка со др. воспит.образ.институции; упатување на наставниците во аналитичка работа во наставата и останатите области.

***Соработката со стручни институции надвор од Училиштето*** подразбира;

соработка со МОН, Биро за развој на образование и локалната заедница; Соработка со стручни организации, друштва и институции; Обезбедување на стручно усовршување на наставниот кадар преку семинари, курсеви, консултативни состаноци, следење евиденција и увид во резултатите од тоа усовршување.

***Соработка со родителите на учениците*** подразбира непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето; Планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите за работа на Советот на родители; Планирање, подготовка и реализација на соработката со родителите; Помош во планирање и реализација на состаноците со родителите; Организирање и координирање на активности за информирање на родителите; Непосредно учество во педагошкото образование на родителите; Индивидуални и групни средби и разговори со родителите; Откривање на родители кои можат да се вклучат и придонесат во реализирање на одредени активности; Редовно информирање на родителите од животот и работата со училиштето, непосредно и посредно преку одделенските раководители; Навремено запознавање на родителите со редот во училиштето. Со заеднички активности, тимска работа, професионалност и одговорност и со вклучување на родителите, создаваме училиште со современ образовен процес кое нуди поддршка на детските права и мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста, здравјето, сигурноста и безбедноста и услови за квалитетна, ефикасна и ефективна настава преку која се изградуваат личности со развиена свест и способности за колективен и индивидуален развој и оспособени за живеење во мултиетничко општество. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредениодлуки кои се донесуваат во училиштето.

Учеството на родителите во училиштето се планира и се одвива на повеќе начини. Посебно внимание се посветува на соработката со

родителите преку индивидуални средби, разговори и родителски средби. За таа цел, беа изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваа во изведување разни активности, при што се земаа во предвид нивните предлози, мислењата и сугестии. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери, согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Во Годишната програма се планираат средби со родители и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваа на огласна табла поставена во холот на двете училишни згради на влезните врати, како и на веб страната на училиштето.

***Други работни задачи на директорот*** постојано обезбедување материјално-технички услови за работа; следење и увид во финансиско-административното работење во училиштето; грижа за хигиената во училиштето; следење на законските прописи; работа со управните органи; подготовка и учество во седниците на Училишниот одбор и неговите комисии и тела; подобрување на климата во училиштето; предлага Комисија за самоевалуација; подготвува Развојна програма.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги

задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности.

Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и совремeнтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Училиштето реализира законски пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Во својата работа, во време на здравствена и економска криза, директорот успешно ги менаџираше расположивите средства, со навремена набавка на ресурси за затоплување во двете училишни згради и редовно подмирување на сите давачки.

## 18.2 Годишен извештај за работа на Училишен одбор

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Задачите, надлежностите и составот се дефинирани во Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа. Тој е составен од 7 членови од кои тројца се претставници од редот на наставниците и стручните соработници, тројца од Совет на родители и еден претставник од основачот.

Училишниот одбор ги планираше и закажуваше седниците согласно потребите кои произлегуваа од тековното работење со покана во која е утврден дневниот ред. Во текот на учебната 2023/2024 година одржани се шест седници, а со нив раководеше претседателот Методиј Теодосиевски.

На седниците на УО се поканувaа и претставници од ученичкиот парламент без право на глас. Претставник од редот на ученичкиот парламент во оваа учебна година беше Каја Поповска. Училишниот одбор во соработка со директорката и училишните тимови, постојано поттикнуваа активности кои обезбедија квалитет како во воспитно- образовниот процес, така и во целокупниот процес во работењето на училиштето.

Училишниот одбор усвојува цели, ги проценува потребите за исполнување на целите и во согласност со нив, го формира планот за подобрување на условите за работа и успешно функционирање на училиштето.

Оваа учебна година по добиена одлука за објавување јавен оглас за избор на директор, Училишниот одбор донесе одлука за објавување на оглас во три дневни весници. По истекот на времетраењето на јавниот оглас, претходно формираната комисија се состана и ги разгледа доставените документи од единствено пријавениот кандидат и утврди дека ги исполнува условите предвидени во Законот за основно образование.по извршеното интервју со претставникот од БРО и членовите на УО се премина на тајно гласање.

## 18.3 Годишен извештај за работа на Совет на родители

Советот на родители го сочинуваат по еден претставник од родителските одбори на ниво на паралелка. Во текот на учебната 2023/2024 година, Советот реализираше активности од својата годишна програма. Во текот од учебната 2023/2024 година одржани се шест седници. Седниците ги свикуваше и со нив раководеше претседателот на Советот на родители, Методиј Теодосиевски, со покана и утврден дневен ред. Надлежностите на Советот на родители се дефинирани во Законот за основно образование и Деловникот за работа. Основна задача на овој Совет е да води грижа за организирано остварување на интересите и потребите на учениците на ниво на училиште. Посебно се води грижа за зачувување на здравјето на учениците, постигнување добри резултати во учењето, правилно користење на нивното слободно време. Постигнати се позитивни резултати во поглед на подобрување на успехот, поведението и редовноста на учениците во соработка со наставниците. Донесени се заклучоци, препораки и мислења со цел подобрување на воспитно-образовниот процес.

## 18.4 Годишен извештај за работа на наставнички совет

Наставничкиот совет, со кој раководеше директорката, највисокиот стручен орган на училиштето, во изминатата учебната 2023/2024 година, преку своите состаноци континуирано водеше грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето, ја креираше работата и се грижеше за динамиката на реализација. Во планирањето и реализацијата на одредени теми и активности учествуваа стручните соработници и наставниците. Во текот на учебната година, советот одржуваше повеќе состаноци, во зависност од потребите. На овие состаноци се разгледуваа стручни, организациони, педагошки, кадровски и други прашања ипроблеми. Наставничкиот совет оствари значајни задачи во остварување на воспитно-образовната работа, кои произлегуваат од дејноста и потребите на училиштето.

## 18.5 Извештај за работа на стручните активи

- Стручните активи на наставниците ги сочинуваат наставници кои предаваат ист предмет или подрачје
- Во основното училиште може да се формираат стручни активи на на наставници за моѓусебна подршка и соработка, споделување на знаењата и педагошките практики и преземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето.
- Стручните активи на училиштетп ги усогласуваат критериумите на планирање на наставата и за оценување на постигањата на улениците даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, одлучуваат за употреба на учебниците во училиштето, расправаат за забелешките на родителите односно старателите, учениците, разменуваат стручни искуства со цел усовршување и вршат други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

# 19.Извештај за реализација на наставата и наставните планови и програми

Училиштето во текот на учебната 2023/24 година работеше според Годишната програма за работа во која се зацртани сите активности и подрачја и според Планот и Програмите за воспитно-образовна дејност на училиштето, Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, Законот за основно образование и други документи кои се поврзани со основното образование.

На Наставничкиот совет одржан на ден 18.06.2024 година утврден е успехот и поведението на учениците за крај учебната 2023/24 година, како и Извештајот за реализацијата на наставните планови и програми. Констатирано е дека наставниот план и програми по сите наставни предмети во сите одделенија и паралелки целосно се реализирани.

Наставните планови и програми за задолжителната, изборната, додатната, дополнителната настава, секциите и воннаставните активности се реализирани според планирањата.

Во текот на оваа учебна година педагошката евиденција и документација се водеше уредно и редовно.

# 20.Заклучоци и согледувања на состојбите за унапредување на дејноста

Годишниот извештај за работата на УОМО „Панче Пешев“- Куманово за учебната 2022/2023 година, според изнесените податоци констатирани се следните постигања:

- Средниот успех на училиштето на крајот на крајот од учебната 2023/2024 година изнесува 4,98;
- Зголемен број на запишани ученици во учебната 2023/2024;
- Подигање на свест за љубов кон музиката и групно музицирање кај учениците;
- Промовирање на мултикултурализам, интеркултурализам и почит кон разликите;
- Стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции на наставниците и;
- Вклученост во многу проекти, проекти и размена на искуства;
- Унапредување на квалитетот на образованието со цел да се задоволат потребите и интересите на секој ученик, како и грижа задобросостојбата на учениците;

Директорот како организатор, иницијатор и предводник на воспитно-образовната работа, во тесна соработка со сите наставници во училиштето, со голем интензитет и успех ги реализира формите и содржините во сите структурални подрачја на воспитно-образовната работа во училиштето, планирани во Годишната програма и сите анекс-програми.

## 21. Извештај за реализација на наставата и наставните планови и програми

Училиштето во текот на учебната 2022/23 година работеше според Годишната програма за работа во која се зацртани сите активности и подрачја и според Планот и Програмите за воспитно-образовна дејност на училиштето, Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, Законот за основно образование и други документи кои се поврзани со основното образование.

На Наставничкиот совет одржан на ден 18.06.2023 година утврден е успехот и поведението на учениците за крај учебната 2023/24 година, како и Извештајот за реализацијата на наставните планови и програми. Констатирано е дека наставниот план и програми по сите наставни предмети во сите одделенија и паралелки целосно се реализирани.

Наставните планови и програми за задолжителната, изборната, додатната, дополнителната настава, секциите и вонннаставните активности се реализирани според планирањата.

Во текот на оваа учебна година педагошката евиденција и документација се водеше уредно и редовно.

# 22. Комисија за изработка на годишниот извештај

1. М-Р Сандра Зојчевска – директор на училиштето
2. Игор Величковски – наставник по саксофон
3. Милош Краљевски – наставник по ударни инструменти

Јули,2024година Директор:

_________________

_________________

Претседател на УО